Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 206/0306
04.05 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Петрит Сарачини, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет – порталот „Експрес.мк“ со текстот насловен „Се откри еден од 58 „тајни“ хонорарци на владата, јавноста ги чека другите 57“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12 април 2021 година, Петрит Сарачини поднесе жалба за текстот со наслов „Се откри еден од 58 „тајни“ хонорарци на владата, јавноста ги чека другите 57“, објавен на 12 април 2021 година, на интернет – порталот „Експрес.мк“ (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Експрес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата не најде доволно елементи дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 13, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 април 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот е од јавен интерес, зашто прашањата за користењето на јавните средства, во случајов, на буџетски хонорари исплаќани од Владата, се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат иземени од теми за кои јавност има право

да биде информирана. Комисијата се согласи дека текстот на „Ескпрес“ е коректен и не отстапува од рамките на професионалното и етичко известување.

Се работи за содржина поврзана со таканаречениот случај „тајни хонорарци во Владата“, кој побуди голем интерес и внимание во јавноста и медиумите, а за кој се заинтересира и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предмет на новинарска опсервација е јавна личност, односно новинарот, експерт за медиуми, активист и музичар, Петрит Сарачини, како дел од листата хонорарци, ангажирани во Владата преку авторски договори. Порталот „Експрес.мк“ веста ја заснова на статуси и коментари изнесени на социјалните мрежи (со посочени линкови), вклучително и на статус на жалителот во оваа постапка Сарачини. Во статусот пренесен од „Експрес“ Сарачини укажува дека бил дел од списокот соработници уште пред Владата официјално да ги објави имињата на хонорарците. Во овој контекст, Комисијата се согласи дека пренесениот статус на Сарачини може да се смета како „втора страна“, односно дека во случајов медиумот можел, но немал обврска да побара дополнителен став од жалителот.

Онлајн медиумите имаат право да користат лични објави на социјалните мрежи, дури и доколку не се означени како „јавни“, доколку јавниот интерес преовладува над правото на приватност. Впрочем, оценка на Комисијата е дека токму приватната објава на жалителот на социјалните мрежи била повод авторот на оспорената содржина да го напише текстот.

Во однос на останатите наводи на жалителот, Комисијата не најде доволно елементи за да утврди постоење на неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар. Комисијата оцени дека изнесените наводи во текстот, во голем дел, се веќе познати и апсолвирани информации, кои не можат да се окарактеризираат како невистинити, а дилемите и прашањата кои ги поставува медиумот, колку и да се провокативни, се издржани и новинарски оправдани.

Најпосле, се работи за јавна личност, која за разлика од приватните лица подлежи на посилен јавен надзор и потенцијално пошироки граници на прифатлива критика и, поради тоа, јавните личности треба да покажат поголем степен на толеранција.

Комисијата, на крајот, се согласи дека слободата на говор е неприкосновена, а критичкото следење на јавните личности е меѓу главните задачи на новинарите, ако тоа е во согласност со новинарските начела и не ги надминува границите на слобода на изразување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Експрес.мк“ (www.expres.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595